РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛЕН ОДБОР ЗА
МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Бр. 2610-7/1
14.12.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 8, а во врска со член 18 став 1 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр. 137/13 и 30/16), Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации, на седницата одржана на 14.12.2018 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за формирање на Секторска комисија за економија, право и трговија

1. Со оваа одлука се формира Секторска комисија за економија, право и трговија.

2. За членови на Секторската комисија за економија, право и трговија се назначуваат:

   - Елена Качела од Министерство за образование и наука;
   - Сузана Арсова од Министерство за економија;
   - Елизабета Јовановска Радановиќ од Центарот за стручно образование и обука;
   - Лазо Наумоски од Биро за развој на образованието;
   - Емилија Николоска од Центар за образование на возрасни;
   - Никица Мојсоска Блажевска од Интеруниверзитетска конференција;
   - Белинда Николовска од Организација на работодавачи;
   - Лидија Стојковска од Здружение на трговијата;
   - Дијана Дејаноска од Синдикат на финансиски дејности на Македонија;

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации упати барања бр. 2609-7/1, бр.2609-7/2, бр.2609-7/3, бр.2609-7/4, бр.2609-7/5, бр.2609-7/6, бр.2609-7/7, бр.2609-7/8, бр.2609-7/9 од 31/07/2018 година со критериуми за назначување на членови за формирање на Секторска комисија за економија, право и трговија.

На седницата одржана на 14.12.2018 година, Националниот одбор за Македонска рамка, утврди дека врз основа на барањето се доставени номинаци: бр.08-13893/2 од 22.11.2018 од Министерство за образование и наука, бр.04-4441/2 од 14.08.2018 од Министерство за економија, бр.03-610/2 од 15.08.2018 од Центар за стручно образование и обука, бр.03-1401/2 од 07.09.2018 од Биро за развој на образованието, бр.03-615/2 од 06.08.2018 од Центар за образование на возрасни, бр.19-720/4-4 од 10.09.2018 од Интеруниверзитетска конференција бр.0302-53 од 22.11.2018 од Организација на работодавачи на Македонија, бр.03-1386/2 од 10.09.2018 од Здружение на трговијата, со наш бр.2609-7/3-1 од 26.09.2018 од Синдикат на финансиски дејности на Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното Националниот одбор на Македонска рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ ОДБОР ЗА**
**МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ**

**Борчо Алексов**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национален одбор за Македонска рамка на квалификации
СКОПЈЕ

**Доставено до:**

- **Одделение за Национална рамка на квалификации**
- **именуваните**

изготвил: Екрем Иљаз
одобрил: Наташа Јаневска